РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

# ТВОЕТО МИСЛЕЊЕ Е ВАЖНО.

# ЗАЕДНО ДО **ПОДОБРА РЕГУЛАТИВА!**

ВКЛУЧИ СЕ НА

www.ener.gov.mk

## Што е ЕНЕР?

Единствениот национален електронски регистар на прописи-ЕНЕР претставува електронски систем кој, покрај постојните прописи во Република Северна Македонија, содржи и:

- Известувања за почеток на процесот за подготовка на предлог закон,
- Извештаи за Проценка на влијанието на регулативата-ПВР,
- Предлог закони и други типови на документи (стратегии, акциски планови, методологии и др.) на министерствата во фаза на подготовка,
- Пречистени текстови на закони,
- Поднесени иницијативи за конкретни законски одредби или општи предлози,
- Коментари, ставови и мислења од засегнатите стани по конкретни предлог закони, други типови на документи (стратегии, акциски планови, методологии и др.) и иницијативи.



## КОМЕНТАРИ...

...може да даваш како регистриран јавен корисник со претходен избор на предлог закон, тип на документ (стратегии, акциски планови, методологии и др.) или иницијатива како и да се вклучиш во дискусија по одредена тема на форумот.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА СО **МОИТЕ КОМЕНТАРИ?**

Коментарот ќе биде јавно достапен на ЕНЕР најдоцна во рок од 3 дена од испраќање на истиот.

## ИНИЦИЈАТИВИ...

...можеш да поднесеш како регистриран јавен корисник преку пополнување на електронски формулар со предефинирани полиња, со можност да прикачиш документ во одреден формат (word, pdf, txt, rtf и др.).

## ШТО СЕ СЛУЧУВА СО **МОЈАТА ИНИЦИЈАТИВА?**

Иницијативата ќе биде јавно достапна на ЕНЕР најдоцна во рок од 3 дена од испраќање на истата.

## ЗА ШТО Е НАМЕНЕТ **ЕНЕР?**

...за електронско информирање на граѓаните, невладините организации, деловните субјекти и министерствата за спроведувањето на процесот на Проценка на влијанието на регулативата-ПВР.

...за вклучување на јавноста во подобрување на содржината на предлог законите и другите типови на документи на Владата (стратегии, акциски планови, методологии и др.) кога тие се креираат, преку доставување на коментари и предлози.

...за електронско поднесување на иницијативи со предлози за политики кои се однесуваат на конкретни законски одредби или општи предлози.

...за тематски дебати кои се важни како за министерствата така и за граѓаните во процесот на креирање на политики.

## КАКОВ ПРОЦЕС Е ПВР?

Проценката на влијанието на регулативата ги оценува позитивните и негативните влијанија на предложената регулатива како помошна алатка за креаторите на политики кога носат одлуки. Процесот содржи дефинирање на проблеми и цели, спроведување на анализи и консултации со засегнати страни (државната управа, граѓаните, невладините организации и бизнис заедницата). Документите кои произлегуваат од овој процес задолжително се објавувааат на ЕНЕР.

## ШТО ВИ НУДИ **ЕНЕР?**

**ЕДНОСТАВНОСТ**
Регистрирај се автоматски на порталот без услови и одобрувања.

**АЖУРНОСТ**
Добивај автоматски известувања за нови коментари, прашања, прописи, документи и иницијативи.

**ПРЕГЛЕДНОСТ**
Избери област која тебе те интересира!

**КОНСУЛТАЦИИ**
Дај свој коментар на предлог закон, документ, иницијатива или вклучи се во тематските дебати.

ПОСЕТИ ГО **WWW.ENER.GOV.MK** И ВКЛУЧИ СЕ СО СВОИ КОМЕНТАРИ ЗА ЗАЕДНО ДА КРЕИРАМЕ ПОДОБРА РЕГУЛАТИВА



**ИЗБЕРИ СВОЈА ОБЛАСТ НА ИНТЕРЕС И НАВРЕМЕНО ДОБИВАЈ ИЗВЕСТУВАЊА ЗА НОВИНИТЕ НА ЕНЕР**

## КОЈ УПРАВУВА СО ЕНЕР?

Веб-порталот го одржува и уредува Министерството за информатичко општество и администрација во име на Владата на Република Северна Македонија, а сите министерства редовно ажурираат и објавуваат предлог закони, подзаконски акти и други типови на документи (стратегии, акциски планови, методологии и др.) во нивна надлежност, како и документи кои произлегуваат од процесот на ПВР.

## ТВОЈОТ ПРВ ЧЕКОР

На веб страната на ЕНЕР ќе ги најдеш сите релевантни документи поврзани со предлог законите и другите типови на документи кои ги изработуваат министерствата а кои се однесуваат на областа од твој интерес. Разгледај ги публикуваните документи, регистрирај се и испрати свои коментари, предлози, мислења, сугестии и иницијативи.

## ПРЕБАРУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И ДОКУМЕНТИ

...е едноставно, со повеќе критериуми по категории: надлежно регулаторно тело, вид на пропис, статус, година и правна област, а доволно е само да внесеш клучен збор од одреден пропис или документ.

## РЕГИСТРИРАЈ СЕ

Ако пак сакаш да дадеш коментари, предлози, мислења и иницијативи, лесно регистрирај се и избери корисничка група. Избери своја област на интерес и навремено добивај известувања за новините на ЕНЕР.

**КОНСУЛТАЦИИТЕ И ИНИЦИЈАТИВИТЕ СЕ ТВОЈА АЛАТКА ЗА ДИРЕКТНО УЧЕСТВО ВО СОЗДАВАЊЕТО НА РЕГУЛАТИВА КОЈА ОДГОВАРА НА ТВОИТЕ ПОТРЕБИ!!!**